СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр.11**

# ОДЛУКА

## за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2023 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Банката на својата 50. седница, одржана на 4.5.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именуваат:

1. **Миле Зечевиќ - независен член**
2. **Борислав Атанасовски - член.**

**Член 2**

На именуваните членови на Надзорниот одбор ќе им се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари, како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

На именуваниот член на Надзорниот одбор кој ќе биде избран за Претседател на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 60 000,00 денари како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор кои живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе им се исплатува и надоместок во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуваните членови на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**СО бр. 02-6487/1/II-11**
**Битола, 4.5.2023 година**

**Собрание**
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 86 од Законот за банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016 и 7/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019 и 122/2021) и член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на акционери ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор на Банката.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола моментално работи во состав од 6 (шест) члена, и тоа: Миле Зечевиќ, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Иванчо Велјановски, Гордана Гацева и Гордана Темелковска - Костовска. Независни членови на Надзорниот одбор се Миле Зечевиќ и Гордана Гацева.

На независниот член и претседател на Надзорниот одбор, м-р Миле Зечевиќ му истекува мандатот на 16.7.2023 година. Исто така на 16.7.2023 година, му истекува мандатот и на членот на Надзорниот одбор, г. Иванчо Велјановски.

На ден 1.3.2023 година, членот на Надзорниот одбор, г-ѓа м-р Александра Радевска поднесе изјава за оставка од функцијата член на Надзорниот одбор заради прифаќање на нејзиното номинирање за член на Управниот одбор на Банката која ќе стапи во сила на денот на добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за нејзино именување за член на Управен одбор на Банката.

Воедно, имајќи ги предвид последните измени на Статутот на Банката кои се однесуваат на намалување на бројот на членови на Надзорниот одбор од 7 (седум) на 5 (пет) члена а со цел персонално комплетирање на составот на Надзорниот одбор на Банката и негово непречено функционирање, се предлага Собранието да изврши избор и именување на двајца членови на Надзорниот одбор, од кои еден независен член.

НО бр.02-4603/1/II.2-8
Битола, 27.3.2023 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

Претседател
м-р Миле Зечевиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1